**Предлагање на нови одлуки**

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваaат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието. Предлогот се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер правно лице.

Заедно со барањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација и тоа:

1.За акционер физичко лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена и
- Копија од важечка лична карта или пасош.

2.За акционер правно лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена;
- Последна тековна состојба од Централниот Регистар во оригинал не постара од седум дена и
- Копија од важечка лична карта или пасош на законскиот застапник.

Предлогот заедно со документите за идентификација мора да бидат примени во Универзална Инвестициона Банка АД Скопје најдоцна до 24.08.2023 година, до 16:00 часот.

Адреса на која се доставува барањето:
Универзална Инвестициона Банка АД Скопје
ул.”Максим Горки” бр.6, 1000 Скопје